ООУ„Панајот Гиновски“/ShFK “Panajot Ginovski”
Адреса/adresa: ул: „Ферид Бајрам” бр.30, Општина Бутел, Скопје/ rru.”Ferid Bajram” nr.30/Komuna Butel, Shkup
Tel/fax: 02 / 2621-416, oupanajotginovski@yahoo.com, ООУ „Панајот Гиновски“ (ooupanajotginovski.edu.mk)

Врз основа на член 72 од Законот за основното образование (Службен весник на РМ бр. бр.161/19 и 229/20), и од Статутот на ООУ „Панајот Гиновски“ на ден 14.11.2023 година, направена е следната

**ПРОЦЕДУРА**

за педагошки мерки

**Член 1**

Со оваа процедура се уредува начинот на изрекување на педагошки мерки во ООУ „Панајот Гиновски“.

**Член 2**

Кон ученикот кој не ги извршува обврските и ги повредува правилата на воспитно- образовната работа се применуваат следниве педагошки мерки: усна опомена, писмена опомена, укор, преместување на ученикот во друга паралелка и намалување на поведението.

**Член 3**

Истовремено со изрекување на педагошките мерки, директорот на училиштето формира тим за поддршка кој ќе работи со родителот, односно старателот, ученикот, наставникот и паралелката, со цел надминување на проблемот.

**Член 4**

Тимот за поддршка е составен од двајца претставници од редот на стручните соработници и еден наставник.

**Член 5**

Училиштето може да повика и трети лице, (социјален работник) да учествуваат во тимот за поддршка.

**Член 6**

Начинот на изрекување на педагошките мерки го пропишува министерот, на предлог на Бирото.

Скопје, 2023 година

Директор:
Благородна Сотиров